Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „DIDATTICA DELLE LINGUE STRANIERE: METODI, EVOLUZIONE E PRATICHE MODERNE (НАСТАВА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ: МЕТОДИ, РАЗВОЈ И СОВРЕМЕНИ ПРАКТИКИ)“ ОД АВТОР ПРОФ. Д-Р ВЕСНА КОЦЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-168/20 од 334. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет одржана на ден 16.9.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Радица Никодиновска, редовен професор во пензија, за наставно-научна област 64006 Романистика, по предметите: Методика на наставата по италијански јазик, Теорија на преведување и толкување и Конференциско толкување, на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- проф. д-р Надица Негриевска, вонреден професор, за наставно-научна област 6.02.01.12 Италијански јазик и 6.02.01.29 Применета лингвистика, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Didattica delle lingue straniere: metodi, evoluzione e pratiche moderne (Н**астава по странски јазици: методи, развој и современи практики)“, кој припаѓа во научната област 6.02.01.12 Италијански јазик и 6.02.01.32 Методика на наставата по јазик, според меѓународната Фраскатиева класификација, од авторката вонреден професор д-р Весна Коцева**,** наменет за студентите на студиската програма Италијански јазик и книжевност, студии од прв циклус, при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Ракописот со наслов „Didattica delle lingue straniere: metodi, evoluzione e pratiche moderne (Настава по странски јазици: методи, развој и современи практики)“ од проф. д-р Весна Коцева претставува учебник со селектиран материјал, адаптиран на содржините од предметот Методика на наставата по италијански јазик 1, кој на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската програма Италијански јазик и книжевност, во V семестар, со фонд на часови 2+2 и се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Методика на наставата по италијански

јазик 1. Методските единици се презентирани прегледно, јасно и концизно, со соодветни илустрации кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата, така што студентите ќе имаат можност да добијат знаења потребни за совладување на предметната содржина.

Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната содржина предвидена за погоренаведениот предмет во студиската програма за која е наменет.

Податоци за обемот ракописот: Содржината на ракописот „Didattica delle lingue straniere: metodi, evoluzione e pratiche moderne (Настава по странски јазици: методи, развој и современи практики)“ е претставена во текст на 145 страници. Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и големина на буквите 11. Материјалот е напишан на стандарден италијански јазик, јасен и разбирлив за студените кои следат настава во третата година на студии. Содржината е збогатена со илустративен материјал (7 слики и 8 табели) кој го дополнува текстуалното изразување. На крајот од ракописот е понудена библиографија која би послужила за понатамошно продлабочување на сознанијата од областа. Приложениот ракопис е подготвен според стандардната методологија и во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Учебник што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Методика на наставата по италијански јазик 1 на студиската програма Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип досега не е објавен. Содржината на овој ракопис, во поголема или помала мера, се среќава и во други публикации од истата област објавени во странство. Сепак, по својата целина, начин на обработка и особено по јасниот и едноставен јазичен стил, учебникот е самостојно дело, прилагодено на нивото на познавање на италијанскиот јазик на студентите за кои е наменет. Авторката во 2018 година објавува скрипта и практикум за истоимениот предмет, а овој ракопис го проширува со нов теориски материјал и го збогатува со библиографски референци од понов датум. Особено се истакнува ревидираниот, значително појасен јазичен стил, со што наставниот материјал станува многу полесен за совладување од страна на студентите.

Краток опис на содржината**:** Ракописот е напишан на литературен италијански јазик, а целокупната наставна содржина е распределена во три соодветно структурирани и конципирани поглавја.

Првото поглавје со наслов „Природа и предмет на методиката на наставата по странски јазик“ е посветено на развојот на методиката на наставата по странски јазик како научна дисциплина, како и нејзината поврзаност со применетата лингвистика. Се објаснува етимолошкиот развој, функционалната примена и терминолошките еквиваленти на името на научната дисциплина. Понатаму, се посветува внимание на повеќедисциплинарниот карактер на оваа наука преку анализа на нејзината корелација со сродните дисциплини. Во продолжение се прави дистинкција

меѓу јазиците кои се предмет на изучување и се дефинираат поимите мајчин јазик, втор јазик, странски јазик, национален јазик, класичен јазик, lingua franca итн., со посебен осврт на разликите помеѓу прв и втор јазик. Во следното потпоглавје се претставува структурата на глотодидактичкиот модел и се дефинираат поимите теорија, пристап, метод и техника, преку цитирање на ставови на познати италијански лингвисти.

Второто поглавје со наслов „Методика на наставата по странски јазик низ историјата“ е посветено на историјатот на учење на странските јазици преку анализа на најзначајните методи. На почетокот се разгледува наставата по странски јазици во античкиот период, по што следува потпоглавје посветено на наставата во периодот од Ренесансата до XIX век. Во наредното потпоглавје се анализираат пристапите од XIX век, со акцент на формалистичкиот пристап и граматичко-преведувачкиот метод. Понатаму се разгледува критиката на формализмот, појавата на директниот метод и методот на читање. Следното потпоглавје е посветено на методите од XX век и се обработуваат неколку теории кои се основа на повеќе пристапи и методи. Се објаснуваат структурализмот, аудиолингвалниот и аудиовизуелниот метод и нивните карактеристики. Посебно внимание се посветува на теоријата на Чомски за генеративната граматика и развојот на комуникативниот пристап, по што се разгледува и поимот комуникативна компетенција. Дел од текстот е посветен на ситуациониот метод и поимно-функционалниот силабус. Понатаму се анализираат хуманистичките методи и влијанието на емоционалната компонента во наставата по странски јазик. Се прикажуваат карактеристиките на методот на целосен физички одговор, тивкиот пристап, сугестопедијата, методот на учење на јазикот во заедница и други. Во следното потпоглавје се анализира природниот пристап и хипотезите кои се дел од моделот-монитор. На крајот се разгледуваат методот на кооперативно учење, методот за совладување на вештини и се прикажуваат карактеристиките на интегрираниот пристап.

Во третото поглавје со наслов „Методика на наставата по странски јазик во XXI век“ се нуди преглед на современите тенденции. Најпрво авторката дава опис на плуралните пристапи и се сосредоточува на методолошките рамки на интегрираното учење на содржина и јазик. Во продолжение се прави историски преглед на употребата на дигиталните алатки во учењето на странските јазици и се елаборираат карактеристиките на компјутерски поддржаното учење јазици и мобилно поддржаното учење јазици, при што компаративно се изложуваат нивните предности и ограничувања. Понатаму, се опишуваат карактеристиките на методот тандем, учењето на далечина, моделот на комбинирана настава и се дискутира за слабостите и за предносите што ги нуди модерната технологија во наставата по странски јазик.

По последното поглавје е наведена цитираната странска литература, од понов датум, која студентите може да ја користат како извор за продлабочување на знаењата во дадената област.

Текстот е напишан на литературен италијански јазик, во едноставен стил, без непотребни опширни објаснувања. Начинот на кој е изложена целокупната материја ќе им овозможи на студентите сеопфатен пристап во совладувањето на теоретската предметна содржина.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов „Didattica delle lingue straniere: metodi, evoluzione e pratiche moderne (Настава по странски јазици: методи, развој и современи практики)“ од проф. д-р Весна Коцева е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Методика на наставата по италијански јазик 1, на студиската програма Италијански јазик и книжевност, на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и стилот на кој е изложена материјата ќе обезбедат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на учебник според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Со содржините кои се опфатени во него ќе се даде голем придонес во текот на едукацијата и студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретска настава во соодветен обем на италијански јазик.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Didattica delle lingue straniere: metodi, evoluzione e pratiche moderne (Настава по странски јазици: методи, развој и современи практики)“ од вонреден професор д-р Весна Коцева, да биде издаден како учебник за студентите во трета година, за студиската програма Италијански јазик и книжевност.

РЕЦЕНЗЕНТИ

проф. д-р Радица Никодиновска, с.р.
проф. д-р Надица Негриевска, с.р.